Република Македонија
**Министерство за образование и наука**

Република Македонија
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“-Скопје
Технолошко-металуршки факултет
Скопје
[redacted]

Примено: 21.02.2018

| Орг. ед. | Број | Прилог | Вредност |
|---|---|---|---|
| 03 | 289 | 1 | | 

До:
Технолошко-металуршки
факултет-УКИМ


**Министерство за образование и наука**

Бр. 17-1761/2
13.02.2018 год

ул. Св.Кирил и Методиј бр.54
1000 Скопје
Република Македонија

Тел. (02) 3117 896
Факс: (02) 3118 414

Веб страна:
www.mon.gov.mk


ПРЕДМЕТ: Известување во врска со Програмата за техничка соработка на Меѓународната агенција за атомска енергија (МААЕ) за проектниот циклус 2020-2021

ВРСКА: Допис од МААЕ бр. 17-1761/1 од 09.02.2018 година

Целта на Програмата за техничка соработка на МААЕ е да им помогне на земјите членки во развојот на сопствените програми за одржлива примена на нуклеарни техники во мирновременски цели.

Помошта на МААЕ се реализира преку обезбедување на експертски услуги во соодветната област, обука на кадри вклучени во реализацијата на проектот во реномирани центри во земји членки на МААЕ, симпозиуми, семинари, и набавка на нова или надградба на постоечката опрема.

Предлог - проектите треба да бидат во согласност со Програмската рамка за техничка соработка меѓу Република Македонија и МААЕ (Country Programme Framework ), односно од областа на :

- Унапредување на здравствената заштита со примена на нуклеарни техники во дијагностика и радиотерапија;
- Унапредување на инфраструктурата за заштита од јонизирачко зрачење и нуклеарна безбедност;
- Безбедност на храна;
- Примена на изотопски техники во различни подрачја (екологија, ветерина, геологија, хидрологија и т.н.)

Според правилата на МААЕ, за да може еден проект кој во себе предвидува набавка на опрема чија вредност е поголема од 150.000 Евра да биде прифатен за финансирање од страна на МААЕ, институцијата која е подносител на проектот должна е во Фондот за техничка соработка на МААЕ да уплати **најмалку 50% од вредноста на опремата**. Овој документ/изјава е т.н. Government cost-sharing, со кој што земјата ја искажува својата заложба за успешна имплементација на проектот, и истиот треба да биде составен дел на поднесената проектна документација до Министерството за образование и наука.

Формуларот за пријавување на проектната идеја (National Project Document Template), како и сите потребни информации во врска со подготвувањето и пријавувањето на проектната идеја може да се најдат на веб страницата: http://pcmf.iaea.org. Целта е проектната идеја да се презентира во куса форма, а проектниот документ да се изготви со експертска подршка од МААЕ, откако ќе ја помине потребната евалуација од страна на соодветното техничко одделение на МААЕ.

Крајниот рок за поднесување на предлозите (во тврда копија и електронски) до Министерството за образование и наука, Сектор за наука и иновации - Канцеларија за врски со МААЕ е **15 април 2018 година.**

Лице за контакт: Јулијана Балевска, Национален офицер за врска со МААЕ, е-меил: julijana.balevska@mon.gov.mk, тел. 3140 186.

**МИНИСТЕР,**
**Рената Дескоска**

**Доставено до:**
- **примач**
- **архива**

изработил: Јулијана Балевска
прегледал/одобрил: Бардуљ Тушi